Мнозинство од граѓаните веруваат дека **Владата нема да попушти пред притисокот од соседна Бугарија** . Вкупно 54,7% воопшто или до некаде не се согласуваат со изјавата дека Владата ќе се согласи со се што ќе побара Бугарија , а малку повеќе од третина (37,4%) рекле дека целосно или до некаде се согласуваат со таа изјава. Ова се **дел од резултатите** од последната анкета на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Телевизија Телма посветена на релациите меѓу Македонија и Бугарија, а во светло на отпочнувањето на преговорите со Европската Унија.

**Разлики во одговорите можат да се видат кај најголемите етнички заедници** , па така, 61,3% од етничките Македонци воопшто или до некаде не се согласуваат со таа изјава, а од нив, 44,8% воопшто не се согласуваат со оваа изјава, додека 56,6% од испитаниците етнички Албанци рекле дека целосно или до некаде се согласуваат со изјавата.


Колку се согласувате со изјавата:
Владата ќе се согласи со се што ќе побара Бугарија
Македонска
Албанска
Целосно се согласувам
Донекаде се согласувам
Донекаде не се согласувам
Воопшто не се согласувам
Не знам/ Нема одговор
15,5%
16,2%
16,5%
44,8%
7,1%
7,5%
49,1%
17,1%
14,5%
11,9%
0 10 20 30 40 50
0 10 20 30 40 50
Разлики во одговорите можат да се видат кај најголемите етнички заедници: 61,3% од етничките Македонци воопшто или до некаде не се согласуваат со таа изјава, додека 56,6% од испитаниците етнички Албанци рекле дека целосно или до некаде се согласуваат со изјавата
ЕУРО ФОКУС


Што е најмалку прифатливо за вас во односите со Бугарија?
27 %
Сите се неприфатливи
22,2 %
Признавање дека Гоце Делчев припаѓа на Бугарија и нивната историја
18,2 %
Македонската нација не постоела пред 1944 година, хероите и настаните пред тоа се дел од историјата на Бугарија
14,9 %
Во ЕУ да не се употребува терминот „македонски јазик“
6,5 %
Квалификацијата „бугарски фашистички окупатор“ да се избрише од сите текстови на споменици и спомен-плочи
4 %
Македонија да ја преземе одговорноста за холокаустот на македонските Евреи во втората светска војна
2,4 %
Ниту едно - сите се прифатливи
4 %
Не знам
0,7 %
Одбива да одговори
На ова прашање, граѓаните најчесто го избирале одговорот „сите се неприфатливи“. За речиси една петтина од оние кои решиле да изберат своја црвена линија, најнеприфатливо е признавањето дека Гоце Делчев и припаѓа на Бугарија и на нејзината историја.
ЕУРО ФОКУС


Според вас, националните власти и соодветните институции во Македонија низ годините station наназад фер и подеднакво го третираат развојот на Коридор 8 (Бугарија-Албанија), наспроти Коридор 10 (Србија-Грција)?
Не знам
12.7%
Одбива да одговори
0.7%
Се согласувам
44.2%
Не се согласувам
42.4%
Речиси двојно повеќе испитаници од Југоисточниот регион (60%) се согласуваат дека третманот бил фер и подеднаков, за разлика од 31,4% од жителите на Југозападниот регион
ЕУРО ФОКУС